РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-869/1

23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот -------- ------- од ------, Државната комисија за спречување на корупцијата(ДКСК) на продолжението на 46-та седница одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата со бр. 12-4882/1 од 18.10.2019 година, доставена од подносителот -------- ------- од ------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување во предметот 12-4882 од 2019 година, оформен по пријавата со број12-4882/1 од 18.10.2019 година .

Предметот со број 12-4882 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4882 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4882/1 од 18.10.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот -------- ------- од ------.

Во пријавата се изнесени наводи за непочитување на постојната законска регулатива во Секторот за урбанизам при Општина -------. Во конкретниот случај станува збор за следното: со урбанистичкиот план направен 1995 година и 1997 година, по барање на граѓаните на општина ------- со место на живеење на улица --------- им било дозволено доградба односно, проширување на куќите од северната страна на куќите, при што на подносителот на пријавата му било дозволено проширување на неговата куќа од јужната страна, но по поднесената жалба и барање од негова страна,истото му било прифатено од Општината и на него му се дозволило да изврши проширување на куќата од северната страна. Соседот кој живеел до подносителот, ја проширил

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

својата куќа над дозволените градежни граници и навлегол спрема неговата градежна парцела со што тој бил спречен да ги направи терасите на неговата куќа. После неговата градба се изменил Урбанистичкиот план и на подносителот на пријавата со новиот план повторно му го вратиле проширувањето на куќата да го направи од јужната страна и за ова измена тој бил известен во 2015 година. Во врска со тоа, тој со Барање се обратил до Секторот за урбанизам на општина -------- да му се дозволи проширувањето да го направи од северната страна како и неговите соседи, но истото не му било дозволено.

Со доставената пријава до ДКСК подносителот бара ДКСК да го испита случајот бидејќи во истиот според него, биле направени корупциски дејствија од страна на општинските органи и била прекршена законската регулатива, а се надева дека ДКСК ќе му го реши неговиот случај. Кон пријавата/барањето доставува прилог документација.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека наводите во пријавата не се насочени кон конкретно лице и во случајот станува збор за прашање поврзано со надлежно постапување на други надлежни органи во РСМ, а воедно конкретните предметни дејствија биле преземени пред повеќе години, што подразбира истечен рок на застареност на евентуално сторени корруптивни дејствувања, кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, по што оцени дека Државната комисија нема надлежност да постапува по однос на предметниот случај, пријавата се отфрла, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : В.Г ,член на ДКСК